РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**ДКСК** **KSHPK**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3958/2
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението од шестата седница одржано на ден 12.06.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-3958/1 од 09.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3958/1 од 09.10.2021 година.
Предметот со број 08-3958/1 од 09.10.2021 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-39/1 од 09.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
Од увидот во Службен весник на РСМ број 147/21, ДКСК утврди дека на лицето __________________ на ден 22.06.2021 година му престанала функцијата член на одборот за контрола на материјално-финансиското работење во ____________________________.
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека именуваниот, во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата, не поднел анкетен лист до ДКСК.
ДКСК на ____________________________ му издаде прекршочен платен налог број 08-5101/2 од 18.05.2022 година, по кој од страна на именуваниот не е постапено.
ДКСК, до прекршочната комисија во ДКСК, поднесе барање за поведување на прекршочна постапка против _________________________________.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Прекршочната комисија, со допис број 14-1602/2 од 23.05.2024 година, побара дополнување на барањето од причина што во повратницата приложена кон барањето за поведување прекршочна постапка не може да се утврди датумот кога е доставен записникот за констатиран прекршок и прекршочниот платен налог.
Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ" бр. 96/2019 и 253/2023, прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот.
Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е издаден записникот за констатиран прекршок број 08-5101/1 од 18.05.2022 и прекршочниот платен налог број 08-5101/2 од 18.05.2022 година, а од повратницата не може да се утврди датумот на доставување на истите, ДКСК констатита дека настапила застареност на прекршочното гонење во конкретниот случај, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.
Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: Б.Ц. , член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk